Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit
Бр./Nr. 04-542/3
03.08 2021 год./vit.

Врз основа на член 23 точка 19 од Статутот на ЈП "Колекторски систем" - Скопје, а во согласност со член 37-и, 37-ј, 37-к, 37-л, 37-љ и 37-м од Законот за јавните претпријатија( Сл. весник бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19),а во врска со Огласот за вработување на определено време бр.02/2021 до 31.12.2021 година, објавен во дневните весници”Нова Македонија”, “Вечер” и “Лајм”, В.Д Директорот на ЈП "Колекторски систем" - Скопје, донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на работници на определено време за период до 31.12.2021 година

Од пријавените кандидати по огласот бр 02/2021, се врши избор на работници на определено време за период до 31.12.2021 година по следниот редослед:

1. За работно место **Технолог** не се врши избор, бидејќи за тоа работно место **НЕ СЕ ПРИЈАВИЛЕ КАНДИДАТИ.**

2. За работно место **Помлад соработник за АОП**, се врши избор на следниот кандидат:

   - Љупчо Јаулески

3. За работно место **Машински инженер** не се врши избор, бидејќи за тоа работно место **НЕ СЕ ПРИЈАВИЛЕ КАНДИДАТИ.**

4. За работно место **Електричар**, се врши избор на следниот кандидат:

   - Дамир Јусуфоски

5. За работно место **Одговорен за техничка исправност на возила**та, се врши избор на следниот кандидат:

   - Васил Вранишкоски

6. За работно место **Општ работник**, се врши избор на следните кандидати:

   - Рамазан Салиу
   - Дамјан Илоски
   - Ацо Спироски

7. За работно место **Оператор машинист**, се врши избор на следниот кандидат:

   - Марио Бадалоски

8. За работно место **Стручен соработник на директорот**, се врши избор на следниот кандидат:

   - Анита Сотироска Парулеска

9. За работно место **Советник - координатор**, се врши избор на следниот кандидат:

- Ана Аврамоска

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2021 година за вршење на работите за погоренаведените работни места.

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на објавениот јавен оглас за засновање на работен однос на определено време за период до 31.12.2021 година за погоренаведените работни места, од пријавените кандидати се донесе одлука да се примат кандидатите кои ги исполнуваат општите и посебните услови од Јавниот оглас, врз основа на записникот од Состанокот на Комисијата за спроведување на постапка за вработување, а согласно правото на слободно одлучување од чл.21 од ЗРО, В.Д Директорот на ЈП Колекторски систем – Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена сметано од денот на објавата на огласна табла и на интернет страната на ЈП Колекторски систем – Скопје, до надлежен орган согласно закон.

**Доставено до:**
-Архива
- Правен сектор
- Одд. за управ. со човечки ресурси
- Агенција за вработување

**ЈП "Колекторски систем" – Скопје**
**В.Д Директор,**
**Дипл.инг.технолог Владимир Алексијоски**

Јавно претпријатие КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Ndërmarrja publike SISTEMI I KOLEKTORIT (2) СКОПЈЕ * SHKUP